# СКУЛПТУРИ НА НОВОТО ВРЕМЕ

Скулптури на новото време 2004 год.

Охрабрени од успехот на изложбата "Скулптури на новото време", која беше организирана во 2002 година и одлично примена од ликовната публика пред која беше презентирана во пет града во Македонија, воедно давајќи им простор и време на скулпторите за изработка на нови дела, годинава се одлучивме повторно да ја организираме оваа изложба, обидувајќи се да вклучиме што е можно поголем број на автори. Од триесеттината понудени автори од сите генерации на соработка со Националната установа - Центар за култура "Трајко Прокопиев" од Куманово, која е носител на проектот, се согласија 20 автори. Имајќи ги во предвид сите елементи кои ги пратат авторите кои се занимаваат со скулптура и сложеноста на организирање на една ваква изложба, која покрај Куманово, своја презентација ќе има и во повеќе градови во Македонија, на ова место би сакале најсрдечно да им се заблагодариме на сите учесници за нивното учество и разбирање во однос на меѓусебната соработка. Секако, благодарност упатуваме и до Министерството за култура на Република Македонија, кое внимателно ја следеше нашата работа во изминатиот период и кое го поддржа проектот "Скулптури на новото време", обезбедувајќи значителни финансиски средства.

Нашите настојувања да ја запознаеме пошироката ликовна публика со дел од скулпторите кои живеат и работат на овие простори, се надеваме дека ќе наидат на одобрување кај поголемиот дел на институции, кои се занимаваат со оваа дејност, презентирајќи ја оваа изложба и во своите изложбени салони. За полесно следење на изложбената поставка ќе се обидеме да дадеме еден вовед кој ќе оди повеќе во една општа насока, додека деталите за секој автор ќе ги видите во нивното поединечно претставување.

Занимавањето со скулптура во прв ред треба да се сфати како материјализација на човечкиот духовен универзум, сублимат на позитивната енергија која ја создава потребата за постојана промена, креација и создавање на простор и елементи, кои се секогаш во некој определен однос или, пак, ние ги чувствуваме како такви. Тој процес не е просто бележење на некоја лична реалност, туку преточување на доживувањето и сфаќањето на светот во тродимензионален облик. Оттука и сложеноста на постапката имајќи го во предвид и материјалот што се користи: камен, дрво, метал, текстил, глина, гипс и др. И покрај дијаметрално спротивните идеи и размислувања, учесниците во овој проект имаат и елемент кој ги поврзува, афинитетот кон истражување на феноменот на конкретна форма во просторот и нејзина интеракција со околината, вклучувајќи го и човечкото око, а се во насока на актуелизирање на онтолошките прашања врзани со скуптурата. На основите на искуствата во модерната и постмодерната фигурација од постоечкиот скулпторски вокабулар, се земаат оние елементи кои одговараат на моменталната сензација и идеја. Сферата на интересот се движи во чистите пластични и конретни вредности на материјалот, обликот и просторот. Самиот материјал е честопати тој кој упатува на логиката на формата, упатувајќи ги уметниците на организирање на просторот по вертикала. Интервенциите се сведуваат во еден поширок дијапазон од елементарна минимална обработка во која се отфрла непотребното со намера да се

изрази основниот карактер и смислата на саканиот облик, до детална изработка изведена со занаетска перфекција низ која провејува егзактност, дефинирана скулпторска форма и компактна композиција. Присутни се и симболични, наративни и алегориски елементи, наспроти строги формални пластични решенија како и, постапки на градење на скулптури кои се базираат на монтажа, објекти и инсталација. Во концептот се служат со постмодернистичка постапка на реинтерпретација на пошироко признаени авторски концепти од изминатиот период, рушејќи ги бариерите меѓу животот и уметноста. Охрабрува фактот дека дел од скулпторите во своите определби и реализации не прават отстапки и компромиси, упорно трагајќи по нови облици и притоа давајќи приоритет на формата како главен елемент на кој се базира јазикот и говорот на пластичните уметности. Но, во приложениот материјал присутни се и скулптури чии автори за скулптурата размислуваат концептуално настојувајќи да се одлепат од конвенционалниот начин на поимање на скулптурата, ставајќи ја формата во заден план, а потенцирајќи ги објектите кои нудат одреден концепт или изненадување на конзументот. За нив квалитетот и естетската вредност произлегуваат од инспирацијата, визијата и содржината, а не од самата форма. И двата концепта се вредни за почит, но во глобала од овој временски и просторен ракурс не сме во можност да го дефинираме скулпторското творештво на "новиот век" на овие простори, поради потребата од обработка на многу повеќе податоци како и, на многу студиозни истражувања. Отсуството на доминантен правец од кој би се изведувале другите како и, присуството на култот на силно изразена индивидуалност, дополнително ќе ја искомлицира можноста за некакви дефинирања дури и во општи рамки.

Животот на овие простори и условите во кои тој се одвива се надеваме дека ќе одат во насока на подобрување на статусот на луѓето, кои се занимаваат со уметноста, вклучувајќи ги и скулпторите. Културната и социјалната изолација или, пак, претераната присутност во јавноста како и, обемот на продукцијата сфатена во квантитативна смисла, не треба да бидат критериуми по кои ќе се проценува дали на некој скулптор треба да му се посвети соодветно внимание, туку искреноста во пристапот и желбата да се дојде до вистината сфатена во филозофска смисла како еден космички идеал до чие пронаоѓање доследно се следат сопствените уметнички стандарди и патеки. Кризата на балканските ликовни простори која се чувствува во одлагањето на неминовните промени во сфаќањето на уметничкото творештво воопшто, светскиот тренд на непризнавање на традиционалните апсолутни духовни вредности, наспроти фаворизирање на матријалните како и, духовно-емотивниот стерилитет на академската современа уметност која доминира во форма на културолошка униформност, ќе бидат главни двигатели на младите генерации уметници кои уште сега се подготвени да понудат нешто сосема ново. Во таа нова понуда на уметнички размислувања и реализации скулпторите од овие простори ќе имаат значајно место.

**Роберт Цветковски**, историчар на уметност



ИБРАХИМ БЕДИ - Роден е во Скопје , 1959 г. Дипломира на ФЛУ - Скопје, оддел скулптура во класата на проф. Петар Хаџи Бошков во 1985 г., од 1985 до 1985 г. членува во групата Зеро со која бележи значителна активност; 1991-92 г. престојува во Истанбул на студиски предстој како стипендист на Ликовната академија при Универзитетот Мимар Синан; 1997г. учествува на Интернационалното биенале во Истанбул како единствен претставник од Македонија. Магистрира 1999 г. во Скопје. Во текот на периодот на школувањето пројавува значителна изложбена активност и тоа како самостојни изложби во Скопје - 1986, 1991, 1996, 1997, 1999 г; Сараево - 1987 г.; Истамбул - 1992, 1993 г.; Струмица - 2001 г.; Прилеп 2001 г. а учествува и на повеќе групни изложби во Белград, Риека, Нирнберг, Дрезден, Париз и др. За својата работа има добиено повеќе награди и признанија. Живее и работи во Скопје како професор на ФЛУ.



"Гнездо", дрво, 110x30x15, 2004



САШО САЗДОВСКИ - Роден 1976 г. во Скопје. Ликовното образование го започнува во Средното училиште за применета уметност "Лазар Личеноски" во Скопје во 1995 г. Во 2000 г. дипломирал на ФЛУ во Скопје на одделот - скулптура и графички дизајн. Магистрирал на ФЛУ на одделот скулптура во класата на проф. Драган Попоски - Дада, во 2002 г. Член на ДЛУМ е од 2000 г. со статус на слободен уметник. Самостојно излага: 2001 г. во КИЦ Скопје и 2002 г. во Прилеп, Битола, Охрид и Скопје - магистерска изложба во АВРО галерија. Излага на повеќе групни изложби, зема учество на повеќе ликовни колонии меѓу кои и на Интернационалните Ликовни колонии во Прилеп, Струмица и Кичево. Во 2001 г. ја добива наградата за скулптура „Јордан Грабул". Живее и работи во Скопје.



"Енергија", мермер, 25x23x23, 2004



ДАРКО ДУКОВСКИ - Роден е во Скопје 1979 г. Своите први чекори на полето на уметноста ги прави во Средното уметничко училиште "Лазар Личеноски" - Скопје, а своето образование го продолжува на отсекот вајарство во класата на проф. Бранко Конески при Факултетот за ликовни уметности - Скопје, каде што и магистрира во 2003 г.

Самостојни изложби:

- КИЦ - Скопје, 2001 г.
- Завод Музеј и Галерија - Битола, 2002 г.
- Дом на култура - Охрид, 2002 г.

Учествува во повеќе проекти и групни изложби во Македонија.

Јавни проекти:

- Споменик скулптура „Делфини" на островот Тасос - Грција, 2001 г.
- Споменик скулптура „Тијаенис" на островот Тасос - Грција, 2003 г.

Живее и работи во Скопје.



"Архитектонска композиција", бронза, 28x32x22, 2003



ЕЛЕНА МАРКОВАЧЕВА ДУКОВСКА - Родена е 1976 г. По завршувањето на Училиштето за применета уметност "Лазар Личеноски" - Скопје, продолжува на ФЛУ - Скопје , отсек вајарство во класата на професорите Драган Попоски - Дада и Бранко Конески. Во 2002 г. ја добива четвртата награда на конкурсот "Una skulptura per Atina" во Италија. Работи на повеќе проекти, а нејзино позначајно остварување е монументалниот споменик"Делфини " на пристаништето на островот Тасос - Грција, реализиран во тимска работа со Дарко Дуковски. Учествува на повеќе групни изложби, а самостојна изложба имаше во КИЦ - Скопје во 2002 г.



"Пламен"
камен, 20x30x13, 2002



НЕЛА СТОЈЧЕВСКА - Родена е 1971 г. Дипломирала на ФЛУ - Скопје 1994 г., отсек вајарство во класата на проф. Стефан Маневски. Член на ДЛУМ е од 1995 г. Самостојни изложби реализира 1997 г. во Дом на култура Крива Паланка и Ликовен салон на ДЛУМ. Учествува на повеќе ликовни колонии и тоа : "Свети Јоаким Осоговски" - 1997 и 1998 г.; "Македонија - културен мост" - КИЦ, Годишна изложба на ДЛУМ и "Скулптури на новото време" - Центар за култура Куманово, сите во 2002 г. Живее и работи во Крива Паланка.



"Жена", дрво и метал, 62x17x17, 2003



АЛЕКСАНДАР НАУМОВСКИ - Роден е во 1973 г. Дипломирал на ФЛУ - Скопје, отсек вајарство во класата на проф. Драган Попоски - Дада, во 2000 г. Учествува во работата на неколку ликовни колонии: 1996 г., 1998 г. и 2000 г. - Интернационалната ликовна колонија во Прилеп; 1999 г. - Интернационалната ликовна колонија во Струмица; како и на повеќе групни изложби во Македонија. Реализирал и две самостојни изложби и тоа 2002 г. - КИЦ Скопје и 2003 г. Центар за култура Куманово. Член на ДЛУМ е од 2001 г., а живее и работи во Скопје.



"Птица", метал, 73x40x7, 2002



АЛЕКСАНДАР ЈАНКУЛОСКИ ЦАНЕ - Роден е во Прилеп 1936 г. академски сликар и вајар, кој со скулптурата започнува да се занимава во Училиштето за применета уметност во Скопје, каде и го продолжува своето школување на ФЛУ. Својата прва изложба ја има во 1961 г. од кога е многу активен на македонската ликовна сцена па и пошироко вклучувајќи ги и сите поголеми центри на бившо југословенските простори, како и присутноста во галериите во Букурешт, Кушадаси, Истанбул, Измир, Анкара, Рим, Дижон, Брисел и други градови во Европа, Австралија и Америка. За своите дела има добиено бројни награди и признанија во земјата и странство. Најпознато монументално дело на Јанкуловски е Спомен костурницата во Свети Николе. Живее и работи во Скопје.



"Перфори", метал, стакло и текстил, 45x23x4, 2004



СЕРГЕЈ ДАМОВСКИ - Роден е во СССР во 1963 г. Комплетната ликовна наобразба ја стекнува во Скопје каде што дипломира на ФЛУ вајарство во класата на професорот Васил Василев во 1991 г. Учествува на повеќе групни проекти и изложби меѓу кои и Скулпторската колонија и Интернационалното ателје за скуптура во Прилеп ; "Ликовно - скулпторска колонија Куманово 98 " и "Скулптури на новото време" - 2002 г. - Центар за култура Куманово; како и повеќе самостојни изложби во 1999 и 2003 г. Живее и работи во Скопје.



"Сенка", дрво, 90x6x18, 2003



СИМЕОН АРНАУДОВ - Роден е 1943 г. Завршил Академија за ликовни уметности во Белград во 1969 г. Во периодот од 1966 - 1967 г. ја посетува Школата за убави уметности во Париз. Своите први чекори на македонската ликовна сцена ги прави на изложбата "Современа македонска уметност - млада генерација II" во Скопје, 1972 г. Потоа учествува на повеќе групни изложби во Цетиње, Мурска Собота, Скопје и др. Учествува на повеќе ликовни колонии во Струмица, Белчишта, Пробиштип, Прилеп и др. Во 1980 г. станува член на ДЛУМ откога редовно учествува на изложбите на ова здружение. Во 1987 г. оди на студиски престој во Париз. Има реализирано повеќе самостојни изложби, а за својата работа има добиено повеќе награди и признанија меѓу кои наградата „Нерешки мајстори" 1972 г., награда за мала пластика "Димо Тодоровски" 2000 г. и др. Живее и работи во Скопје.



"Слободна форма", мермер, 60x22x27, 2004



МАРИНА ЦВЕТАНОВСКА - МАРТИНОВСКА - Родена е 1977 г. Дипломирала на Педагошкиот оддел, насока вајарство во класата на проф. Станко Павлески на ФЛУ-Скопје, 2000. Во 2001 г. продолжува на постдипломски студии кај истиот професор. Учествува на повеќе ликовни колонии и групни изложби: Охрид (Ликовна колонија, 1999), Велес (Екоарт, 1999), Скопје (СИАБ, Музеј на град Скопје, 2000; Сликарство мал формат, КИЦ, 2000; Биенале на млади уметници, Музеј на современа уметност, 2002. и др.), Куманово (Кумановски уметници, Уметничка галерија, 2001), Белград (РЕАЛ ПРЕСЕНЦЕ, Музеј 25-ти мај, 2001), Нови Пазар (Сопоќански видувања, ликовна колонија, 2002), VII Интернационална ликовна колонија "Јоаким Осоговски" 2003, Ликовна колонија Куманово 2003 г. и др. Добитник е на повеќе награди и признанија. Работи како ликовен педагог во Куманово.



"Едно во друго", алуминиум, 43х16х4, 2000



КОНСТАНТИН ЈАНЕВ - Роден е 1963 г. Дипломирал на ФЛУ-Скопје во класата на проф. Васко Василев, 1993 г. Досега има реализирано две самостојни изложби: во 1995 год. во Галерија Стоби-Скопје; 2001 г. во Центар за култура и информации-Скопје. Учествувал на повеќе групни изложби во Загреб, Белград, Суботица, Горњи Милановац, Софија и др. Учесник е на Интернационалниот симпозиум - Свет на керамика / Арангеловац, Југославија во 1994 г. како и на Интернационалните работилници за керамика во: Тројан, Бугарија-1996; Дрезден, Германија-1999, а во 2000. учествува во проектот Заедничка земја-зграда на Обединетите Нации, Њујорк,САД. Студиски престои во 1999.-Студио за керамика-Дрезден; во 2000. Студио Тетковски-Њујорк, САД. Учествува и на "Скулптури на новото време 2002" - Центар за култура Куманово и на Скопскиот саем - Арт салон на Македонска современа керамика 2003г. Основач е на ЗКПМ - ИСКОН и проект менаџер на детската колонија "Земја II".



"Паднати ангели", керамоскулптура, 30x42x30, 2004





ТОМЕ БУНДОВСКИ - Роден е 1953 г. во Скопје. Завршил Академија за ликовна уметност во Скопје, 1984 г. во класата на Петар Хаџи Бошков.Бил на специјализација во Рим и Фиренца. Реализирал преку дваесет самостојни изложби на скулптури, цртежи и слики во Македонија и Европа (Франкфурт, Рим, Белград, Сплит и др.). За својата работа добил повеќе награди и признанија меѓу кои и наградите за скулптура "Димо Тодоровски" и "Јордан Грабул" како и, наградата за животно дело на симпозиумот во Прилеп за монументална парковска скулптура. Член на ДЛУМ е од 1984 г. од кога и има статус на слободен уметник. Живее и работи во Скопје.

"Разочарување", камен, 33x28x13, 2004



РУЖИЦА ДИМИТРИЕВСКА - Родена е 1977 г. во Скопје. Завршила училиште за Применета уметност "Лазар Личеноски" во Скопје. Дипломирала на ФЛУ отсек вајарство со потсмер конзервација и реставрација во класата на проф. Бранко Конески и Благоја Кузмановски - Баже во 2002 г. Учествувала на изложба во изложбениот салон во Домот на АРМ во Скопје, а во 2003 г. самостојно излагала во Културно-Информативниот Центар во Скопје. Живее и работи во Скопје.



"Игра", дрво, 28x60x24, 2000



САШО АНДЕВСКИ - Роден е 1965 г. Дипломирал 1990 г. на Факултетот за Ликовни уметности во Скопје, вајарство во класата на професорите Петар Хаџи Бошков и Бранко Конески. Учествува во работата на повеќе ликовни колонии, проекти и учествува на повеќе групни изложби меѓу кои и на проектот "Скулптури на новото време" во 2002 г. Реализирал и две самостојни изложби во 1990 и1992 година. Работи како ликовен педагог во Куманово.



"Портрет", гипс, 42x38x23, 2002



ЈАДРАНКА УРДАРЕВСКА - Дипломирала на ФЛУ - Скопје, отсек скулптура во класата на професорите Петар Хаџи Бошков и Стефан Маневски. Реализира повеќе самостојни изложби и тоа:

- Куманово - 1995 г., Дом на култура,
- Пробиштип - 1996 г., Дом на култура
- Скопје - 1993г. - МКЦ; 1995 и 1997 - ДЛУМ; 1995, 1999, 2002 г. - Дом на култура "Кочо Рацин"

Учествува во повеќе проекти, групни изложби и ликовни колонии, меѓу другите и во проектот "Скулптури на новото време" - 2002 г. Делото "Си била еднаш една Македонка..." го изработува со помош на својот соработник Сергеј Цинѕуровски од Охрид. Живее и работи во Скопје.




"Си била еднаш една Македонка..."
комбинирани материјали, 150x50x9, 2004



БОГОЈА АНГЕЛКОСКИ - Роден е 1963 г. во Гостивар. Дипломирал на ФЛУ во Скопје 1987 г. отсек вајарство во класата на проф. Стефан Маневски. Самостојни изложби: 1988 - Дом на млади, Скопје; 1994-1995 - патувачка изложба во градовите: Гостивар, Куманово, Битола, Велес и Скопје; 2003 - Музеј на град Скопје и 2004 - Центар за култура „АСНОМ" Гостивар. Учествувал на групни изложби во Сараево, Скопје, Кикинда и др. За својата работа има добиено повеќе награди и признанија меѓу кои наградата "Нерешки мајстор" на вториот Зимски салон на ДЛУМ и специјална награда за скулптура на четвртото биенале на младите МСУ во Скопје, 1994. Живее и работи во Гостивар.



"Дедова приказна", дрво и камен, 36x14x6, 2003



ГОРДАНА ХАЏИ НИКОЛОВА - родена е во Гевгелија, 1976 г. Во 1995 г. завршува Средно уметничко училиште "Лазар Личеноски". Во 2000 г. дипломира на Факултетот за ликовни уметности во Скопје во класата на проф. Драган Попоски-Дада. Во 2002 г. станува член на ДЛУМ. Во 2003 г. магистрира кај истоимениот професор. Групни изложби: Дом на АРМ - Скопје, 2000; Зимски Салон - Музеј на Современа уметност - Скопје, 2001; Уметничка галерија - Прилеп, 2002; Зимски Салон - Музеј на град Скопје, 2002; Годишна изложба на Фондација Благовестие - Салон на МНТ - Скопје, 2003. Самостојни изложби: МКЦ, Скопје, 2001; Гевгелија, 2002; Магистарска изложба, хотел "Југо", Гевгелија, 2003.



"Фљонга", дрво, 92x40x9, 2004



СИНИША СТЕФАНОВИЌ - КАШАВЕЛСКИ - Роден е во Куманово, 1969 г. Завршил средно уметничко училиште и Факултет за Ликовна уметност - Скопје, отсек вајарство во класата на професорот Стефан Маневски. Член на ДЛУМ е од 1998 г. Учествувал на повеќе групни изложби, проекти и ликовни колонии; меѓу другите учествува и на Ликовно - Скулпторската колонија "Куманово 98" и "Скулптури на новото време" - 2002 г. во организација на Центарот за култура од Куманово. Покрај изработката на скулптури се занимава и со сликарство. Живее и работи во Куманово.



"Фигура", алуминиум, 22x36x22, 2000



ЈОВАН ПИЛИЧКОВ - Роден е 1967 год. во Скопје. Дипломирал 1992 год. на Факултетот за Ликовни уметности на одделот вајарство со конзервација и реставрација, во класата на проф. Драган Попоски - Дада. По дипломирањето, реализирал студиски престој во Руската федерација и Украина, во траење од три години (1992-1995). По враќањето во Македонија, извесен период работи како професор по ликовно воспитување во Скопје. Самостојни изложби: Скулптури, КИЦ, Скопје, 2003; Донаторска изложба на Норвешкиот контингент на КФОР, ОУ "Кочо Рацин" Скопје, 2003; "Хераклејски вечери", Музеј - Завод - Галерија, Битола, 2003; "Естетика на огнот", Дом на култура - Гевгелија, 2003; "Св. Петка", Манастир Брезица, 2004. Монументални скулптури: "Три вертикали", УЦСО "Димитар Влахов", Скопје, 1995; "Христос-вода-живот", ДОО "Југоуниверзал", Скопје, 1997; Јубилеј 60 год. АСНОМ, Валандово, 2004. Учествува на групни изложби во Украина, Бугарија, Македонија и др.



"Црвен рог", дрво, 125x17x13, 2003



НИКОЛА СМИЛКОВ - Роден е во Штип, 1973 г. Училиште за применета уметност завршува во Скопје, а дипломира на ФЛУ на оделот за скулптура во класата на проф. Драган Попоски - Дада, во 1999 г. Магистрира на ФЛУ во 2002 г. Учествува на повеќе групни изложби: 2000 г. - Прилеп, симпозиум за мермер; 2001 г. Пловдив и Констанца; 2002 г. - Албена/Бугарија и "Скулптури на новото време" - Куманово; 2003 г. - Велес, проект "Разликите обединуваат". Самостојно изложува во Штип - 2003г. , во Дом на култура "Ацо Шопов" и во Скопје - 2004 г. во КИЦ. Добитник е на наградата за спомен обележје "Бранителите на Македонија 2001 год." во 2003 г.



"Магичен круг", камен, 45x33x12, 2003

**Издавач: Национална установа - Центар за култура "Трајко Прокопиев" - Куманово**
**За издавачот: Жика Крстевски**
**Организација и текст: Роберт Цветковски**
**Компјутерска подготовка и дизајн: Страшо Арсовски**
**Фотографии: Марјан Јаневски - Шалајко**

**Проектот е финансиран од Министерство за култура на Република Македонија**